# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К

# НА ОПШТИНА БОСИЛОВО


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА | 26.03.2025 ГОДИНА | ПРИМЕРОКОТ Е |
| ОПШТИНА БОСИЛОВО | Б О С И Л О В О | Б Е С П Л А Т Е Н |
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | БР.56 ГОД.30 | |


## С о д р ж и н а


1.Одлука за прогласување на елементарна непогода-голомразица што ја зафати територијата на општина Босилово на 18,19 и 20 март 2025 година.
2.Извештај за реализација на Програмата за патишта за 2024 година.
3.Одлука за доделување на финансиска помош на семејствата на настраданите и повредените лица во Дискотеката „Пулс“-Кочани,во износ од 80.000 денари.
4.Јавна објава на Овластениот инспектор за животна средина.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-693/1 за прогласување на елементарна непогода-голомраззица што ја зафати територијата на општина Босилово на 18,19 и 20 март 2025 година, донесена на педесетишесттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 26.03.2025 година.

Бр.09-696/1 Општина Босилово
26.03.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 26.03.2025 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За прогласување на елементарна непогода-голомразица што ја зафати територијата на општина Босилово на 18,19 и 20 март 2025 година**

Член 1

Се ПРОГЛАСУВА елементарна непогода-голомразица на територијата на општина Босилово на 18,19 и 20 март 2025 година.

Член 2

Се задолжува Комисијата за процена на штети од елементарни и други непогоди да изврши проценка на настанатата штета врз основа на барањата за проценка на штета од правни и физички лица,врз основа на Методологијата за процена на штети од природни непогоди и други несреќи.

Член 3

Се задолжува Комисијата за процена на штети од елементарни и други непогоди да во законски утврдениот рок изготви Збирен извештај за процена на штети и истиот да го достави до Советот на општина Босилово.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила веднаш со донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-693/1 Совет на општина Босилово
26.03.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Извештајот бр.08-694/1 за реализација на Програмата за патишта за 2024 година, донесена на педесетишесттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 26.03.2025 година.

Бр.09-697/1 Општина Босилово
26.03.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Босилово (Сл.гласник на општина Босилово бр.21/2014), Советот на општина Босилово на седницата одржана на 26.03.2025 година го усвои следниот:

**ИЗВЕШТАЈ**
**За реализација на програма за патишта**

Минатата година од Јавното претпријатие за државни патишта за 2024 година, беа одобрени средства во висина од **2.363.318,00** денари.За реализација на оваа програма беа предвидени изградби на улици во населените места:

1. Улица во с.Еднокуќево, КП бр.785, 786 КО Еднокуќево, 1 број, Вредност – 1 270 943 ден.
2. Улица во с.Робово, КП бр.1660 КО Робово, 1 број, Вредност –735 925ден.
3. Улица во с.Моноспитово, КП бр.4518 и 4529/1 КО Моноспитово, ширина 3м, должина 230м, Вредност – 594 596 ден.
4. Улица во с.Моноспитово, КП бр.4353 и 3907 КО Моноспитово, ширина 3м, должина 170м, Вредност – 669 698 ден.
5. Улица во с.Петралинци, КП бр.1330 и 281 КО Петралинци, должина 264м, Вредност – 909 573 ден.
6. Улица во с.Босилово, КП бр.4365 КО Босилово, должина 176м, Вредност –542 520 ден.

**Вкупно за улици: 4 723 256 денари без 18% ДДВ, или 5 573 442 денари со вклучен ДДВ**

Со објавувањето на поедноставена отворена постапка по оглас бр. 01322/2024, постапката се спроведе во електронска форма а заврши со е-аукција. Како најповолен понудувач доби фирмата ДТЗПУ Бони Интерградба ДОО Струмица и се склучи договор бр. 03-488/1 од 27.02.2024 година. Со кој договор се реализираа планираните улици согласно програмата за улици и патишта за 2024 година.

Предвидените средства согласно завршната ситуација бр.23/24 од 30.09.2024 година, се распределија на следниот начин:

1. Улица во с.Еднокуќево, КП бр.785, 786 КО Еднокуќево, 1 број, Вредност – 1 270 943 ден.
2. Улица во с.Робово, КП бр.1660 КО Робово, 1 број, Вредност –735 925ден.
3. Улица во с.Моноспитово, КП бр.4518 и 4529/1 КО Моноспитово, ширина 3м, должина 230м, Вредност – 594 596 ден.
4. Улица во с.Моноспитово, КП бр.4353 и 3907 КО Моноспитово, ширина 3м, должина 170м, Вредност – 669 698 ден.
5. Улица во с.Петралинци, КП бр.1330 и 281 КО Петралинци, должина 264м, Вредност – 909 573 ден.
6. Улица во с.Босилово, КП бр.4365 КО Босилово, должина 176м, Вредност –542 520 ден.

**Вкупно за улици: 4 723 256 денари без 18% ДДВ, или 5 573 442 денари со вклучен ДДВ**

Дадените вредности во точките се со пресметан ДДВ од 18%.

Целокупната вредност согласно завршната ситуација изнесува **5 573 442 денари со ДДВ.**

Во однос на крпењето на дупките општината објави набавка од мала вредност по оглас бр. 00342/2024, постапката се спроведе во електронска форма а заврши со е-аукција. Како најповолен понудувач доби фирмата ДГТПУ Џови Компани дооел с.Мокрино

бр.213 и се склучи договор бр. 03-372/1 од 13.02.2024 година.

Предвидените средства согласно ситуацијата бр.204/24 од 20.12.2024 година, се распределија на следниот начин:

1. Крпење на ударни дупки на сите локални улици каде што има потреба и за тоа да се потроши асфалт од 83.10 тони асфалт во вредност од **563 376** денари.

Дадените вредности во точките се без пресметан ДДВ од 18%.

Целокупната вредност согласно завршната ситуација со пресметан 18% ДДВ изнесува **664 784 денари со ДДВ.**

Разликата што се јавува од одобрените средства и парите во завршната ситуација општина Босилово на изведувачот ќе му ја исплати од сопствениот буџет.

Бр. 08-694/1 Совет на општина Босилово
26.03.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-695/1 за доделување на финансиска помош за семејствата на настраданите и повредените од пожарот во Дискотеката „Пулс“-Кочани,во износ од 80.000 денари донесена на педесетишесттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 26.03.2025 година.

Бр.09-698/1 Општина Босилово
26.03.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 26.03.2025 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиска помош за семејствата на настраданите и повредените од пожарот во Дискотеката „Пулс“ –Кочани,во износ од 80.000 денари**

Член 1

Да се додели финансиска помош на семејствата на настраданите и повредените од пожарот во Дискотеката „Пулс“ –Кочани,во износ од 80.000 денари.

Член 2

Средствата да бидат трансферирани на жиро сметка на Црвен крст на РСМ-Фонд за солидарност Скопје-300000001327966 Депонент-Комерцијална банка АД Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-695/1 Совет на општина Босилово
26.03.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Врз основа на член 84 и 86 од Законот за општа управна постапка (Сл.весник на РМ бр.125/15) Овластениот инспектор за животна средина на општина Босилово - Јасна Василева, постапувајќи согласно

своите овластувања и по службена должност, го има донесено следниов управен акт:

-Непознат сторител: Записник од извршен инспекциски надзор ИП1 Бр.12-38 од 21.03.2025 година.

**ПОВИКУВА**

Сопственикот да се јави во Одделение за инспекциски надзор во општина Босилово во рок од 10 (десет) дена од објавувањето на јавната објава за да му се достави горенаведениот акт.

Се предупредува сопственикот дека ваквиот начин на достава се смета за уредна достава и дека негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Овластен инспектор за животна средина
Јасна Василева с.р.